Јавна општинска установа
Дом на култура „МАКЕДОНИЈА“
Бр. 03-126/1
27-10 2023 год.
Гевгелија

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Бр. 03-1712/1
27.10. 2023 год
ГЕВГЕЛИЈА

# ДОГОВОР

**За регулирање на меѓусебните права и обврски за давање на времено користење на објект во сопственост на Општина Гевгелија а даден на користење на ЈОУ Дом на култура „Македонија“ – Гевгелија**

**Склучен на ден: 27-10.2023 помеѓу:**

1. Јавна општинска установа Дом на култура „Македонија“ – Гевгелија со седиште на ул.Димитар Влахов б.б. Гевгелија, со ЕМБС 4125649, застапуван од Директор Мирјана Крстева Массетти, во понатамошниот текст како давател на просторија на користење од една страна, и

2. Овластено службено лице од Општина Гевгелија за Канцеларија за млади Петар Јанчев со ЕМБГ: 1610993482001 и адреса на живеење Булевар Гевгелија бр. 21/ 1-4 Гевгелија , во понатамошниот текст како корисник на просторија од другата страна

**Член 1**

Предмет на овој договор е регулурање на меѓусебните права и обврски помеѓу ЈОУДК „Македонија“ – Гевгелија и овластено службено лице од Општина Гевгелија за Канцеларија за млади Петар Јанчев кои ќе произлезат од давањето на просторија на прв кат (клуб галерија) која ќе служи како канцеларија за млади на времено користење без надоместок со одлука од Управен одбор на ЈОУДК „Македонија“- Гевгелија бр. 02-124/6 од 10.10.2023 година.

**Член 2**

Општина Гевгелија е сопственик на објектот Народен театар што се наоѓа на ул. „7ми Ноември б.б“ во Гевгелија со КП бр. 4971/1 со намена В3-10 запишан во имотен лист бр. 19000 КО Гевгелија во кој објект е сместен ЈОУДК „Македонија“- Гевгелија кој со одлука на Совет на Општина Гевгелија бр. 09-244/1 од 29.01.2020 година му е даден на времено користење без надоместок со времетраење од 10 години и регулирани права и обврски со склучен договор бр. 03-396/1 од 18.02.2020 година.

**Член 3**

Давателот ја дава просторијата на прв кат на времено користење на корисникот до истекот на рокот од претходно склучениот Договор помеѓу Општина Гевгелија и ЈОУДК „Македонија“ – Гевгелија.

**Член 4**

Корисникот се обврзува просторијата да ја користи за свои потреби согласно дејностите кои ги обавува и со истата да се однесува домаќински.

Корисникот сам си ја адаптира и опремува просторијата согласно неговите потреби за работа.

Корисникот не смее без согласност на давателот на објектот да ја дава просторијата на користење на трети лица.

Корисникот просторијата смее повремено да ја отстапува само на давателот доколку давателот има потреба од неа за реализација на одредени програмски активности кои се во доменот на неговото работење.

**Член 5**

Трошоците за адаптација на просториите ќе бидат покриени од Буџетот на Општина Гевгелија.

**Член 6**

Договорот може да биде раскинат во било кое време во текот на неговото времетраење поради непочитување на договорените обврски од страна на договорните страни, како и спогодбено по поднесено барање во кое ќе бидат наведени причините за раскинување на договорот од договорените страни.

**Член 7**

Договорените страни се согласни за се што не е уредено во овој Договор да важат одредбите од Законот за облигациони односи и Законот за сопственост и други сродни права.

**Член 8**

Овој договор е составен во 4 примероци од кои по 2 за секоја договорените страни.

**Давател на користење**

**ЈОУ Дом на култура Македонија**

**Директор**

**Мирјана Крстева Массетти**

**Корисник**

**Канцеларија за млади**

**Овластено службено лице од Општина Гевгелија**

**Петар Јанчев**